## РАБОТИЛНИЦА ЦЕФ ЉУБЉАНА, МАРТ 2015 ГОДИНА

Работилница на тема Јакнење на менаџерски вештини, во организација на ЦЕФ Љубљана.

Работилницата на тема Јакнење на менаџерски вештини се одржа во периодот од 17-19 март 2015 година во Љубљана. На оваа работилница присуствуваше еден од помошниците на ГРИПА.
Тема на обуката: Работилницата ги опфати основните менаџерски пристапи со цел давање на учесниците корисни совети за нивна успешна имплементација, вклучувајќи: разбирање на улогата на менаџерот, стилови на менаџирање, менаџирање и соопштување на промените, повратна информација – клучна менаџерска алатка, менаџирање на конфликт, мотивирање на луѓето итн.
На работилницата присуствуваа 20 учесници од Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Романија, Словенија и Турција.
Предавач: Експертка од Ирска, менаџер за обуки, раководител на сектор за Бизнис менаџмент обуки и развој.